excellence in technology

# PRESS RELEASE

**За публикување:** 03.10.2007

**Контакт:** Надежда Димитровска
Главен Оперативен Директор
+389 2 3090.625
nade@inet.com.mk

## ИНЕТ АД ДОБИТНИК НА СЕРТИФИКАТ ЗА ДОБРО КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

(*Скопје, 03.10.2007*). ИНет АД во рамките на своите корпоративни активности се здоби со сертификат за добро корпоративно управување, како една од 5-те Македонски компании со добро корпоративно управување. Свеченото доделување на сертификатот во организација на програмскиот совет на „Транспарентност-нулта корупција“ се одржа во Хотел Александар Палас.

Евалуацијата на компаниите беше извршена од страна на тим од експерти, според изготвената листа на критериуми. Критериумите за евалуација се однесуваа на активностите на менаџментот на компанијата, односот кон вработените, комуникацијата со потрошувачите, релациите со снабдувачите, како и придонесот на компанијата во заедницата и околината во која делува. Исполнувајќи ги овие критериуми, ИНет се искачи на високата позиција со која се стекна со правото на добивање сертификат.

На конференцијата обраќање имаа г-дин Михајло Маневски, Министер за правда на РМ; г-ѓа Радмила Шеќеринска, претседател на СДСМ; г-дин Бранко Азески, претседател на СКМ; г-дин Џемаил Даути, претседател на СКСЗМ; г-дин Звонко Шаврески, претседател на Полио Плус; г-ѓа Ева Жоли, специјален советник за борба против корупција и за меѓународен финансиски криминал во Норвешка и г-ѓа Арјета Чилафи, Аташе во Амбасада на Кралството Норвешка.

„Ние во своите настојувања се залагаме, а тоа е и визијата на Нулта корупција, Македонија да биде држава без корупција, односно да не постои никаков степен на толеранција на корупцијата. “- изјави доц. Д-р Слаѓана Тасева, претседател на програмскиот совет на „Транспарентност-нулта корупција“.

Со добивањето на овој сертификат ИНет само ја потврдува својата доследност и поддршка на валутите:

*„Ние вклучуваме највисоки етички стандарди, демонстрирајќи искреност и вистинитост во секоја превземена активност“.*
*„Ние ја превземаме комплетно одговорноста за сите наши одлуки и акции.“*

ИНет продолжува со активности во областа на добро корпоративно управување, а кои се составен дел од корпоративната стратегија на компанијата.

Atinska 12, P.O. Box 468
1000 Skopje, Macedonia
tel. +389 2 3090 625
fax +389 2 3090 634
info@inet.com.mk
www.inet.com.mk